Почитуван Давид Илиески,

Во врска со Вашите прашања за сопственоста на недвижен имот во Дубаи, во продолжение Ви доставувам појаснување за истите.

Сопственик сум на недвижен имот - стан во Дубаи кој го имам купено во 2016 година. Истиот го имам платено со финансиски средства стекнати преку мои приватни и семејни деловни активности. Средствата кои се искористени за стекнување со оваа недвижност се со целосно регуларно и транспаретно потекло на пари, трансферирани на законски начин преку релевантни банкарски институции.

Во врска со Вашето прашање околу мотивите за стекнување на недвижност во Дубаи, би сакал да посочам дека имам статус на резидент на Дубаи од 2011 година, каде заминав на мои 18 години за доедукација, односно додипломски студии од областа на економијата и бизнисот. Живеењето во овој брзорастечки град, кој е синоним за развој, иновации и градежништво, што е и примарна гранка на нашата семејна компанија, беше моја мотивација да продолжам да престојувам во Дубаи, во насока на личен и професионален раст и развој, а со тоа и поттик за стекнување со недвижност. На истото гледав како одлична можност за инвестиција, што се покажа оправдано.

Со оглед дека станот во Дубаи го имам купено како резидент на Обединетите Арапски Емирати и е платен преку моја резидентна сметка во ОАЕ, водејќи се според Законот за девизно работење на РСМ, вложувањето во оваа недвижност не може да се смета како капитална инвестиција на резидент на нашата држава во странство. Во насока на Вашето конкретно прашање, јас немам обврска ниту можност да ја пријавам недвижноста во Централниот регистар на РСМ и со тоа во целост го имам испочитувано Законот за девизно работење на РСМ на кој што се повикувате, како и сите позитивни законски прописи на ОАЕ.

Се надевам дека моите одговори се доволни за да добиете реална слика во врска со оваа тема.

Доколку мојата изјава се искористи на било кој начин, истата може да се користи исклучиво доколку се пренесе интегрално, во целост, без парафразирање.

Со почит,

Душко Чифлиганец